ОПШТИНА ЦЕНТАР
-Одбор за подигање спомен обележје
на „Васил Чакаларов“
31.08.2011 год.
С к о п ј е

До

**СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ЦЕНТАР**
**С К О П Ј Е**

Согласно Одлуката за подигање спомен обележје на „Васил Чакаларов“ бр. 07 – 2478/6 од 17.06.2011 година /„Службен гласник на Општина Центар“ бр.07/2011 донесена од Советот на Општина Центар – Скопје, Одборот за спроведување постапка за подигање спомен обележје на „Васил Чакаларов“ го поднесува следниот

**И З В Е Ш Т А Ј**

Одборот за спроведување постапка за подигање спомен обележје на „Васил Чакаларов“ формиран со Одлука на Советот на Општина Центар бр. 07-2478/6 од 17.06.2011 година, утврди текст на Конкурс за изработка на идеен проект за подигање спомен обележје на „Васил Чакаларов“ и проектна програма.

Одборот одреди Конкурсот да се објави во дневните весници „Дневник“ и „Вест“ и рокот на траење на Конкурсот да биде до 25.08.2011 година.

Во утврдениот рок на траење на конкурсот пристигнаа 14 конкурсни трудови заедно со приложената документација.

Одборот констатира дека сите 14 трудови се пристигнати во предвидениот рок истите се комплетни и пристапи кон поедннично оценување на секој труд.

По поединичното оценување на секој труд, на седницата што ја одржа на ден 31.08.2011 година, Одборот одлучи да додели:

- Прва (изведбена) награда во износ од 250.000,00 денари, за идејниот проект за подигање спомен обележје на „Васил Чакаларов“ под работен (деловоден) број 08 - 3435/1 на авторите Дарко и Елена Дуковски, академски скулптори од Скопје.

Авторите комплетно одговориле на предизвикот за сериозно, аналитичко и современо решение. Истото се се одликува со сериозен пристап и тоа не само во многу рафинираната моделација и имплементираните ликовно естетски содржини туку и во успехот во наметнувањето на дополнителни психолошки ефекти. Монументалноста и динамиката во

композицијата создаваат една целина, претставувајќи го ликот во најсилно историско значење. Деталниот портрет најавтентично ги доловува физичките способности на Васил Чакаларов.

- Втора награда во износ од 150.000,00 денари, за идејниот проект за подигање спомен обележје на „Васил Чакаларов“ под работен (деловоден) број 08 -3447/1 на авторот Владимир Величковски, академски скулптор од Куманово.

Трудот е многу длабок во изразеноста на смиреноста и хармонијата во композицијата без да ризикува во неизвесни домени. Пропорциските односи задоволуваат високи критериуми, а пластичноста во моделацијата покажува зрелост во високо издржани содржини на формата.

- Трета награда во износ од 90.000,00 денари, за идејниот проект за подигање спомен обележје на „Васил Чакаларов“ под работен (деловоден) број 08 -3483/1 на авторите Сашо Барјактаров и Владимир Кнежевиќ, академски скулптори од Скопје.

За ова идејно решение воспоставена е специфична нарација и стилизација накомпозицијата. Пластицитетот и ракописот на авторот е сериозен и по однос на слоевитоста на скулпторскиот занает.

Согласно изнесеното Одборот му предлага на Советот да се подигне спомен обележје на „Васил Чакаларов“ според прво наградениот идеен проект на авторите Дарко и Елена Дуковски, академски скулптори од Скопје.

Одбор за подигање спомен
обележје на „Васил Чакаларов“
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Бранислав Саркањац